Архив. знак:
Рок на чување:
.................20..... год.
Потпис,

09/4

Влада на Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
ДРЖАВЕН САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ПЕРИОДОТ месец јануари – месец јуни, 2022 година

Дел. Бр. 08-1586/1 — д-р Иринка Сотирова-Бухова

Датум: 08.08.2022 — в.д. директор

Место: Скопје (м.п.)

## Резиме

Резимето содржи кус приказ на сите поглавја од шестмесечниот извештај, со приказ на најважните активности и информации.

## Управување со ризици

Со прогласувањето на Вонредната состојба на 18 март 2020 година од страна на претседателот на Република Северна Македонија, сите човечки и материјални ресурси на Државниот санитарен и здравствен инспекторат во рамките на законските надлежности и задолженијата добиени од Владата на Република Северна Македонија, беа ставени во интерес на преземање на мерките и активностите за превенција на ширење на коронавирусот COVID-19. Оваа состојба не е драстично променета ниту во оваа година, но за разлика од претходната година кога приоритет им беше даден исклучиво на вонредните надзори, а редовни инспекциски надзори во одредени периоди воопшто не се извршуваа, сега состојбата дозволува постепено зголемување на бројот на редовни надзори, а со самото тоа и постепено враќање кон „нормалното" функционирање на Инспекторатот.

Иако Инспекторатот навремено ја донесе новата Методологија за проценка на ризик при вршење на инспекцискиот надзор на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, со оглед на тоа што работењето согласно новата Методологија е тесно и нераскинливо поврзана со функционирањето на Информатичкиот инспекциски систем, не е реално да се очекува дека во овој период при управувањето со ризици Инспекторатот целосно ќе се потпира врз истата. Сепак за вакво нешто - влогот, а тоа е јавното здравје на граѓаните е премногу голем. Исто така, многу повеќе време и ресурси побарува делумната и можеби погрешна примена на новата Методологијата, отколку потпирањето на досегашното искуство во работењето на инспекторите, кое го поминало тестот на времето. Од овие причини во продолжение ќе биде прикажан начинот (методологија) за управување на ризици кој е веќе докажан како успешен и кој се потпира на сериозни анализи изготвени од релевантни институции.

Веќе досега дефинираните ризични области останаа воглавно непроменети, но секако дека добија нова покомплексна димензија поради настанувањето на вонредната состојба. Досегашната методологија врз чија основа се дефинираа ризичните области се следните: пред се бројот на идентификувани наоди во областа, висината на изречените казни, донесените решенија во инспекциска постапка, непостапувањето по донесените решенија, фреквенција на повторување на прекршоците кај субјектите во ризичните области, можноста за влијанието врз здравјето и животот на луѓето. Идентификувањето на субјектите во однос на вршењето на надзор е направено согласно утврдените ризици и можноста на појава на настани кои би биле од значење за јавното здравје пред сѐ, појава на заразни болести и епидемии, неспроведување на задолжителна имунизација кај деца особено, појава на интрахоспитални инфекции, несоодветни санитарно-хигиенски услови особено во здравствените установи, појава на небезбедни производи во промет и производство, небезбедни површински води и води за капење, небезбедни угостителски објекти, непочитување на Уредбата за видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи на вработените.

Дефинирањето на ризичните подрачја е направено врз основа на извршената проценка на ризик и анализа на извршените надзори од претходната година и од резултатите од годишниот извештај за работа на Инспекторатот како и обврските согласно надлежностите дадени во

законите кои се предмет на надзор. Направена е и анализа на степенот на остварување на проценетите ризици и како истите да се надминат во иднина.

ДСЗИ при вршењето на инспекциските надзори во **областа здравство,** во еден дел, постапува согласно законски утврдената Програма за урамнотежен план за постигнувања, во чија изработка активно учествуваше. Воглавно се следи работата на ЈЗУ и усогласеноста на нивното работење со стратешките цели на Република Северна Македонија во областа на здравството, со цел да се овозможи стабилност и развој на здравствениот систем, и во тој правец се воспоставија квартални инспекциски надзори на ЈЗУ, а за резултатите од надзорите се изготвуваат квартални извештаи кои се доставуваат до министерот за здравство.

Надзорот на Државниот санитарен и здравствен инспекторат во здравствените установи од сите нивоа на здравствена заштита во јавно и приватно здравство е во врска со појава на ризици и опасности во однос на областа на санитарно – хигиенската состојба во установите, епидемиолошката и здравствената заштита на населението, заштитата на населението од заразни болести, здравственото осигурување и евиденциите во областа на здравството, вклучително и сите чинители кои учествуваат во вршењето на здравствената дејност, како и лицата кои на кој било начин можат штетно да влијаат врз здравјето на луѓето. Во овие установи како доста ризичен дел од непочитување на законите е делот кој подлежи на здравствен надзор и спроведувањето на одредбите од Законот за заштита од пушењето, Законот за управувањето со отпад, особено делот за управувањето со медиционскиот отпад, кој претставува една од поважните алки во заштитата и сузбивањето на заразните болести.

Понатаму како дел кој исто така претставува ризик од непочитување на прописите е и почитувањето на упатствата за медицина базирана на докази од страна на здравствените работници, дополнителната дејност на здравствените работници, континуираната медицинска едукација и усовршување на здравствените работници.

Особено значаен дел се евиденциите во здравството преку чија контрола се доаѓа индиректно до сознанија за целосната работа на здравствената установа.

Исто така во текот на целата година се следи состојбата со реализацијата на Годишните превентивни програми на **општините,** и спроведувањето на превентивните мерките дадени со закон, преку активностите на Центрите за јавно здравје и Институтот за јавно здравје, во правец на зачувувањето и подобрувањето на јавно здравствениот систем на државата. Со анализа на реализацијата на мерките на ниво на општини од претходната година се прават планови за контроли и задолжувања во наредната година.

Во **областа угостителство** пред почеток на сезоната се преземаат посебни активности и надзори на годишно ниво, по потреба и вонредно, во сите туристички центри низ државата. Во оваа насока се прават и контроли на безбедноста на површинските води, базените, водени паркови и рекреативни центри.

Во угостителските објекти со сместувачки капацитети се контролира санитарно-хигиенската состојба на објектите од аспект на одредбите од Законот за заштита на населението од заразни болести, се врши контрола и на базените, исправноста на водата во нив, како и контрола на површинските води за капење во местата каде има такви, заради можност од загадување и појава на заболувања при нивна употреба од страна на населението.

Исто така и во **образовните установи** пред почетокот на школската година редовно се вршат контроли заради утврдувањето на состојбата со санитарно-хигиенските состојби во истите. Во објектите за сместување пред сè детските домови, детските летовалишта, исто така редовно се вршат надзори пред почетокот на сезоната (лето/зима), заради утврдувањето на санитарно-хигиенската состојба.

Во овие установи инспекциските надзори се вршат пред се заради можноста на непочитување на одредбите од Законот за заштита на населението од заразни болести, и надзорите се со особено внимание на санитарно хигиенската состојба заради намалување на ризикот како и спречување на појавата на епидемии во градинките, школите, домовите за сместување, социјалните установи. И овде исто така се контролира почитувањето на одредбите од Законот за заштита од пушењето, се постапува и во случаи на појава на епидемии од заразни болести или епидемии настанати како резултата на консумирање на небезбедна храна.

Во областа **пружање на хигиенска нега –** надзорите во објектите за пружање на хигиенска нега и во објектите за промет и производство на козметички производи се во однос на надлежностите кои се дадени во законот за Заштита на населението од заразни болести како и согласно Законот за безбедност на козметичките производи.

Со лицата кои во текот на својата работа можат да пренесат заразни болести, се постапува согласно законот за Заштита на населението од заразни болести и подзаконските акти од овај закон.

Во **објекти за промет и производство на козметички производи, објекти за производство и промет на предмети за општа употреба, детски играчки, сретства за одржување на хигиена** контролите се вршат заради постоење на ризик од појава на небезбедни козметички производи, небезбедни предмети за општа употреба и небезбедни детски играчки како и небезбедни сретства за одржување на хигиена. Контролите се согласно законот за безбедност на производите, законот за безбедност на козметичките производи, Правилникот за безбедност на детските играчки.

**Пренос, ископ и закоп на умрени лица** во управна постапка се врши со претходно дадена спроводница и решение од страна на инспекторот, согласно Законот за заштита на населението од заразни болести и подзаконските акти од овај закон.

Се надеваме дека во моментот кога целосно ќе се нормализира состојбата со COVID-19 и кога ќе започне со функционирање Инспекцискиот информатички систем, ќе се овозможи практична примена на новата Методологијата и со тоа ДСЗИ активно ќе се вклучи во современите текови во делот на управувањето со ризици.

## Организација и раководење

Во првото полугодие од 2022 година нема промени во однос на правниот статус на Државниот санитарен и здравствен инспекторат. Државниот санитарен и здравствен инспекторат е орган на државната управа во состав на Министерството за здравство со својство на правно лице, со сопствена буџетска сметка како корисник од прва линија.

Инспекцискиот надзор што го спроведува ДСЗИ, ги опфаќа просторот, објектите, просториите, уредите и опремата, дејностите и лицата кои вршат здравствена дејност, како и лицата кои на било кој начин можат штетно да влијаат врз здравјето на населението.

Во оваа смисла, ДСЗИ има надлежност да врши инспекциски надзор, особено над:

Спроведување на општи и посебни мерки за спречување на појавата, раното откривање, спречување на ширењето и сузбивањето на заразните болести и на инфекциите, а по епидемиолошка индикација – кога постои опасност од причинител на инфекција на заразни болести и во објектите за производство и промет на храна;

Исполнување на условите за вршење на дејност согласно со посебни прописи во објекти од надлежност на Инспекторатот;

Дава согласности и мислења во постапка за издавање на одобренија за градба, за изградба на градби за примарна секундарна и терцијална здравствена заштита како и други согласности и мислења на барање од надлежен орган утврдени со закон или друг пропис;

Остварувањето на правата од здравствената заштита;

Остварување на правата од здравственото осигурување;

Производство и промет на опојни droги, отрови и прекурзори распоредени согласно со прописите во групата на отрови;

Спроведување на мерките за заштита од штетни материи и влијанија врз здравјето на луѓето;

Санитарно-хигиенските услови во објектите, просторот, просториите, уредите и опремата на лицата кои вршат здравствена дејнсот и дејности во обласа на образованието, културата, социјаланта заштита, спортот и рекреацијата, јавниот превоз, угостителството, туризмот, трговијата и други стопански гранки;

Лицата кои на работните места со својата здравствена состојба можат да го загрозат здравјето на населението, а по епидемиолошки индикации – кога постои опасност од причинител на инфекција на заразни болести и во објектите за производство и промет на храна;

Ексхумацијата и преносот на умрените лица на територија на Република Северна Македонија и преку нејзините граници;

Лицата, стоките и превозните средства на граничните премини, а во врска со заштитата на здравјето на населението од внесувањето и ширењето на заразните болести, како и над увозот на предметите за општа употреба, козметичките производи и опасните материи

Безбедност на предметите за општа употреба при производство и промет и тоа: детски играчки, козметички производи, суспстанции за производство и амбалажата за тие производи и определени предмети што при употреба доаѓаат во непосреден допир со кожа и слузница;

Инфраструктурните и другите објекти во случај на кризни состојби и други вонредни услови;

Создавањето, селектирањето, пакувањето и одлагањето на медицинскиот отпад;

Заштитата од штетните влијанија на пушењето на тутун и другите производи од тутун;

Вршењето на здравствена дејност во согласност со одобрение донесено од надлежен орган;

Вршење на дополнителна дејност во согласност со потпишаните договори;

Придржувањето кон исполнување на бараните услови во текот на работењето во поглед на просторот, опремата и кадарот за вршење на определени здравствени дејности;

Распоредот, почетокот и завршувањето на работното време во здравствените установи;

Извршувањето и содржината на систематските и превентивните здравствени прегледи;

Евиденциите во областа на здравството;

Општите акти на здравствените установи;

Надзор над спроведувањето на прописите во однос на безбедност на крв;

Надзор над спроведувањето на прописите во однос на прекин на бременост;

Надзор над спроведувањето на прописите во однос на континуирана медицинска едукација;

Надзор над спроведувањето на прописите во однос на јавното здравје;

Надзор над спроведувањето на прописите во однос на менталното здравје;

Надзор над спровесувањето на прописите во однос на заштита на права на пациенти.

Со Државниот санитарен и здравствен инспекторат управува директор. Актуелната в.д. директорка д-р Иринка Сотирова-Бухова е веќе пет години на чело на оваа институција. Како в.д. директор беше назначена на 3 август 2017 година. А од 3 април 2018 година е со решение именувана за директор на Инспекторатот. Мандатот и истече на 3 април 2022 година. На 5 април е повторно именувана за в.д директор. На 5 јули ѝ истече и законскиот максимум од три месеци, колкушто може да биде назначена како в.д. директор во инспекциските служби согласно член 29 став (2) од Законот за инспекциски надзор.

Организацијата на работата и систематизацијата на работните места на Државниот санитарен и здравствен инспекторат е уредена со Правилникот за внатрешна организација на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, 04-6941/1 од 05.11.2020 година и Правилникот за систематизација на работните места на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, 04-6941/1 од 05.11.2020 година, а истите се делумно усогласени со наодите од Извештајот од спроведената Функционална анализа во ДСЗИ бр. 04-405/1 од 22.02.2019.

Во 2021 година правилниците остануваат непроменети, со што Инспекторатот е организиран во четири сектори и три одделенија, непосредно одговорни пред директорот и тоа:

1. Сектор за инспекциски надзор

- 15 подрачни одделенија со седишта во Скопје (пет), Куманово, Штип, Струмица, Велес, Гевгелија, Прилеп, Битола, Гостивар, Тетово и Охрид.

2. Сектор за аналитика, стратешко планирање и проекти, со две одделенија:

- Одделение изработка на извештаите;
- Одделение за креирање на стратегии и политики и информатичка технологија.

3. Сектор за стручно советодавни работи од областа на здравството со две одделенија:

- Одделение за стручно советодавни и управни работи од областа на епидемиологијата;
- Одделение за правни работи и архивско и канцелариско работење.

4. Сектор за надзор над детски играчки, козметички производи и предмети за општа употреба со 2 одделенија:

- Одделение за инспекциски надзор над детски играчки, козметички производи и предмети за општа употреба при увоз, производство и внатрешен промет;

- Одделение за анализа на ризик.

Секторот за инспекциски надзор го управува раководителот на сектор - главен инспектор кој одговара пред директорот на институцијата. Во Секторот нема помошник главен инспектор. Со 15-те подрачни одделенија управуваат раководители на одделенија – виши инспектори. Вишите инспектори одговараат пред главниот инспектор. Во моментов, со виши инспектори се покриени само 9 подрачни одделенија и тоа: четири скопски подрачни одделенија, Центар, Чаир, Гази Баба и Кисела Вода, потоа, Штип, Велес, Гевгелија, Битола и Охрид. Подрачните одделенија Карпош, Куманово, Струмица, Прилеп, Гостивар и Тетово не се покриени со виши инспектори. Од вкупниот број на 45 инспектори кои заклучно со 31.12.2021 година се вработени во Инспекторатот, 41 (заклучно со генералниот инспектор) се систематизирани во овој Сектор.

Секторот за аналитика, стратешко планирање и проекти го управува раководител на сектор, кој одговара пред директорот. Двете одделенија во состав се без раководители, а во Одделението за креирање на стратегии и политики и информатичка технологија нема вработено ИТ лице.

Секторот за стручно советодавни работи од областа на здравството го управува раководител на сектор, кој одговара пред директорот, а двете одделенија во состав немаат раководители.

Сектор за надзор над детски играчки, козметички производи и предмети за општа употреба го управува раководител на сектор – главен инспектор, кој одговара пред директорот. Во случај на отсуство на главниот инспектор, со овј Сектор управува помошник раководител – помошник главен инспектор. Двете одделенија во состав немаат раководители, а освен главниот и помошник главниот инспектор, во овој сектор се систематизирани уште двајца советници инспектори. Специфика во работењето на овој Сектор е издавањето на согласност за барањата за увоз на предмети за општа употреба, козметички производи и детски играчки.

Државниот санитарен и здравствен инспекторат како посебни организациски единици, надвор од секторите, има утврдено три одделенија, кои се непосредно одговорни пред директорот и тоа:

1. Одделение за управување со човечки ресурси;

2. Одделение за финансиски прашања;

3. Одделение за внатрешна ревизија.

Ниту едно од овие одделенија во моментов нема раководител, во Одделението за ревизија не е пополнето ниту едно место, а во другите две одделенија има само по еден советник.

Сите вработени во Инспекторатот се сместени на 23 локации низ државата, не сметајќи ја Дирекцијата.

Заклучно со 01.01.2022 година, во Инспекторатот се вработени вкупно 72 лица (71 вработен и 1 директор). Вкупниот број на инспектори кои можеа да вршат инспекциски надзори во текот на второто полугодие на 2021 година е 45, а од нив: 1 е генерален инспектор, 2 се главни инспектори, 1 е помошник главен инспектор, 9 се виши инспектори, 24 се советници инспектори, 3 се помошници инспектори и 5 се помлади инспектори.

Во ДСЗИ има само еден вид на инспектори и тоа државни санитарни и здравствени инспектори. Државните санитарни и здравствени инспектори вршат инспекциски надзори од сите области од надлежност на ДСЗИ.

Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор *во полугодието*, по вид, возраст и звање

| Вид | Државен санитарен и здравствен инспектор | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| Б2 – главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 2 |
| Б3 – пом. главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| Б4 – виш инспектор | 0 | 0 | 1 | 6 | 2 | 9 | 0 | 0 | 1 | 6 | 2 | 9 |
| В1 – советник инспектор | 1 | 0 | 6 | 10 | 6 | 23 | 1 | 0 | 6 | 10 | 6 | 23 |
| В2 – самостоен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 3 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 3 |
| В4 – помлад инспектор | 0 | 1 | 3 | 1 | 0 | 5 | 0 | 1 | 3 | 1 | 0 | 5 |
| Вкупно | 1 | 1 | 12 | 21 | 9 | 44 | 1 | 1 | 12 | 21 | 9 | 43 |

Податоците се од 01.01.2022 година.

Табела 2 Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во полугодието

| Вид | Државен санитарен и здравствен инспектор | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Вработување | Пензионирање | Разлика | Вработување | Пензионирање | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – помошник главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 – советник инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В2 – самостоен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Инспекциски надзор

Табела 4 Преглед на вкупниот број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид во полугодието, по региони и општини

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | **Вардарски регион** | **201** | **81** | **12** | **294** | **22** |
| 1 | Велес | 104 | 45 | 6 | 155 | 4 |
| 2 | Градско | 0 | 3 | 0 | 3 | 0 |
| 3 | Демир Капија | 8 | 1 | 0 | 9 | 2 |
| 4 | Кавадарци | 49 | 18 | 2 | 69 | 6 |
| 5 | Лозово | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 6 | Неготино | 32 | 6 | 4 | 42 | 9 |
| 7 | Росоман | 1 | 3 | 0 | 4 | 1 |
| 8 | Свети Николе | 3 | 2 | 0 | 5 | 0 |
| 9 | Чашка | 4 | 2 | 0 | 6 | 0 |
| | **Источен регион** | **139** | **97** | **11** | **247** | **12** |
| 10 | Берово | 12 | 6 | 0 | 18 | 1 |
| 11 | Виница | 9 | 12 | 0 | 21 | 1 |
| 12 | Делчево | 22 | 7 | 0 | 29 | 1 |
| 13 | Зрновци | 1 | 2 | 0 | 3 | 1 |
| 14 | Карбинци | 2 | 2 | 0 | 4 | 0 |
| 15 | Кочани | 42 | 29 | 5 | 76 | 6 |
| 16 | Македонска Каменица | 6 | 3 | 0 | 9 | 1 |
| 17 | Пехчево | 7 | 2 | 0 | 9 | 1 |
| 18 | Пробиштип | 3 | 3 | 1 | 7 | 0 |
| 19 | Чешиново | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 |
| 20 | Штип | 34 | 30 | 5 | 69 | 0 |
| | **Југозападен регион** | **106** | **64** | **14** | **184** | **43** |
| 21 | Вевчани | 1 | 2 | 0 | 3 | 1 |
| 22 | Дебар | 6 | 8 | 3 | 17 | 6 |
| 23 | Дебарца | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 24 | Кичево | 10 | 9 | 0 | 19 | 1 |
| 25 | Македонски Брод | 11 | 2 | 0 | 13 | 1 |
| 26 | Охрид | 45 | 25 | 6 | 76 | 16 |
| 27 | Пласница | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 28 | Струга | 30 | 18 | 5 | 53 | 16 |
| 29 | Центар Жупа | 2 | 0 | 0 | 2 | 2 |
| | **Југоисточен регион** | **195** | **82** | **21** | **298** | **25** |
| 30 | Богданци | 13 | 5 | 1 | 19 | 1 |
| 31 | Босилово | 7 | 1 | 1 | 9 | 2 |
| 32 | Валандово | 16 | 0 | 0 | 16 | 0 |
| 33 | Василево | 10 | 2 | 1 | 13 | 4 |
| 34 | Гевгелија | 52 | 17 | 5 | 74 | 5 |
| 35 | Дојран | 10 | 4 | 3 | 17 | 3 |
| 36 | Конче | 0 | 1 | 1 | 2 | 2 |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 37 | Ново Село | 7 | 2 | 0 | 9 | 0 |
| 38 | Радовиш | 1 | 9 | 4 | 14 | 0 |
| 39 | Струмица | 79 | 41 | 5 | 125 | 8 |
| | **Пелагониски регион** | **189** | **108** | **40** | **337** | **34** |
| 40 | Битола | 83 | 51 | 19 | 153 | 21 |
| 41 | Демир Хисар | 6 | 6 | 0 | 12 | 1 |
| 42 | Долнени | 2 | 2 | 2 | 6 | 2 |
| 43 | Кривогаштани | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 44 | Крушево | 9 | 8 | 6 | 23 | 0 |
| 45 | Могила | 3 | 0 | 1 | 4 | 1 |
| 46 | Новаци | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 47 | Прилеп | 69 | 40 | 10 | 119 | 8 |
| 48 | Ресен | 16 | 1 | 1 | 18 | 1 |
| | **Полошки регион** | **150** | **87** | **33** | **270** | **49** |
| 49 | Боговиње | 10 | 7 | 3 | 20 | 3 |
| 50 | Бревеница | 5 | 1 | 0 | 6 | 0 |
| 51 | Врапчиште | 5 | 3 | 1 | 9 | 3 |
| 52 | Гостивар | 36 | 9 | 19 | 64 | 19 |
| 53 | Желино | 9 | 3 | 1 | 13 | 5 |
| 54 | Јегуновце | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 55 | Маврово и Ростуша | 8 | 2 | 3 | 13 | 3 |
| 56 | Теарце | 6 | 3 | 0 | 9 | 1 |
| 57 | Тетово | 71 | 59 | 6 | 136 | 15 |
| | **Североисточен регион** | **131** | **63** | **14** | **208** | **18** |
| 58 | Кратово | 8 | 5 | 2 | 15 | 2 |
| 59 | Крива Паланка | 20 | 11 | 3 | 34 | 5 |
| 60 | Куманово | 101 | 42 | 8 | 151 | 8 |
| 61 | Липково | 1 | 2 | 0 | 3 | 1 |
| 62 | Ранковце | 1 | 3 | 1 | 5 | 2 |
| 63 | Старо Нагоричане | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **Скопски регион** | **597** | **420** | **57** | **1074** | **72** |
| 64 | Аеродром | 51 | 42 | 2 | 95 | 0 |
| 65 | Арачиново | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 |
| 66 | Бутел | 39 | 28 | 6 | 73 | 3 |
| 67 | Гази Баба | 63 | 15 | 3 | 81 | 0 |
| 68 | Ѓорче Петров | 36 | 22 | 5 | 63 | 4 |
| 69 | Зелениково | 0 | 4 | 0 | 4 | 0 |
| 70 | Илинден | 12 | 7 | 1 | 20 | 1 |
| 71 | Карпош | 128 | 75 | 18 | 221 | 19 |
| 72 | Кисела Вода | 52 | 61 | 1 | 114 | 0 |
| 73 | Петровец | 4 | 5 | 3 | 12 | 1 |
| 74 | Сарај | 12 | 7 | 0 | 19 | 3 |
| 75 | Сопиште | 0 | 3 | 0 | 3 | 0 |
| 76 | Студеничани | 0 | 2 | 0 | 2 | 0 |
| 77 | Центар | 151 | 110 | 10 | 271 | 34 |
| 78 | Чаир | 36 | 32 | 8 | 76 | 7 |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 79 | Чучер-Сандево | 4 | 0 | 0 | 4 | 0 |
| 80 | Шуто Оризари | 8 | 6 | 0 | 14 | 0 |
| ВКУПНО | | **1708** | **1002** | **202** | **2912** | **275** |

Во првите шест месеци од 2022 година, од страна на државните санитарни и здравствени инспектори се изготвени вкупно 2.912 записници за извршените инспекциски контроли. Од нив 1708 записници се од редовни надзори, 202 записници се од контролни и 1002 записници се од вонредни надзори.

Најголем број на надзори како што и се очекуваше се спроведени во Скопскиот регион – 1.074. По Скопскиот следат, Пелагонискиот регион со 569, Југоисточниот регион со 298, Вардарскиот регион со 294, Полошкиот регион со 270 и потоа следат, Источниот регион со 247, Североисточниот регион со 208 надзори и на крајот Југозападниот регион со 184. Бројот на надзорите ја покажува реалната слика за соодносот на субјектите кои се под надлежност во тој регион и бројот на инспектори кои го покриваат регионот.

Општина во која се извршени најголем број на инспекциски надзори е општина Центар со 34 надзори, потоа следи општина Битола со 21 надзор, општините Карпош и Гостивар со по 19 надзори, општините Охрид и Струга со по 16 надзори и потоа следат другите општини на РСМ.

Табела 5 Споредбена Табела на планирани и спроведени инспекциски надзори по вид за извештајниот период од 2019, 2020 и 2021 година

| | 2019 | | 2020 | | 2021 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Планирани | Спроведени | Планирани | Спроведени | Планирани | Спроведени |
| Редовни | 2.507 | 2.516 | 936 | 623 | 808 | 842 |
| Контролни | 163 | 489 | 126 | 125 | 80 | 272 |
| Вонредни | 92 | 811 | 800 | 2.676 | 1.154 | 1529 |
| ВКУПНО | 2.762 | 3.816 | 1.861 | 3.425 | 2.042 | 2.643 |

## Обука на инспекторите и административните службеници

Податоците за генеричките обуки на инспекторите за 2022 година, досега не се доставени од страна на Одделението за управување со човечки ресурси.

## Буџет на ДСЗИ - приходи и расходи



| Раздел / Програма / Потпрограма / Категорија / Ставка | ОПИС | Расходи на Основен буџет – Буџет | Расходи на Основен буџет – Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Расходи од самофинансирачки активности – Буџет | Ребаланс | Расходи од заеми – Буџет | Ребаланс | Расходи од донации – Буџет | Ребаланс | Вкупно расходи – Буџет | Ребаланс | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 19002 | ДРЖАВЕН, САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ | 45.480 | 45.480 | 3.600 | 3.240 | 20.200 | 18.180 | 0 | 0 | 0 | 0 | 69.280 | 66.900 | |
| 1 | ИНСПЕКТОРАТИ | 45.480 | 45.480 | 3.600 | 3.240 | 20.200 | 18.180 | 0 | 0 | 0 | 0 | 69.280 | 66.900 | |
| 19 | ИНСПЕКТОРАТИ | 45.480 | 45.480 | 3.600 | 3.240 | 20.200 | 18.180 | 0 | 0 | 0 | 0 | 69.280 | 66.900 | |
| | **РАСХОДИ** | | | | | | | | | | | | | |
| 40 | ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ | 45.480 | 45.480 | 0 | 0 | 100 | 100 | 0 | 0 | 0 | 0 | 45.580 | 45.580 | |
| 401 | Основни плати | 33.201 | 33.201 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 33.201 | 33.201 | |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 12.279 | 12.279 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 12.279 | 12.279 | |
| 404 | Надоместоци | 0 | 0 | 0 | 0 | 100 | 100 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100 | 100 | |
| 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 0 | 0 | 3.581 | 3.223 | 18.000 | 16.480 | 0 | 0 | 0 | 0 | 21.581 | 19.703 | |
| 420 | Патни и дневни расходи | 0 | 0 | 500 | 300 | 900 | 320 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.400 | 620 | ✓50 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 0 | 0 | 981 | 923 | 5.000 | 5.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.981 | 5.923 | |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.000 | 2.500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.000 | 2.500 | |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.000 | 2.660 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.000 | 2.660 | ✓500 |
| 425 | Договорни услуги | 0 | 0 | 1.600 | 1.600 | 6.000 | 5.700 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.600 | 7.300 | |
| 426 | Други тековни расходи | 0 | 0 | 500 | 400 | 400 | 300 | 0 | 0 | 0 | 0 | 900 | 700 | |
| 46 | СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 0 | 0 | 19 | 17 | 400 | 300 | 0 | 0 | 0 | 0 | 419 | 317 | |
| 464 | Разни трансфери | 0 | 0 | 19 | 17 | 400 | 300 | 0 | 0 | 0 | 0 | 419 | 317 | |
| 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.700 | 1.300 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.700 | 1.300 | |
| 480 | Купување на опрема и машини | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.400 | 1.300 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.400 | 1.300 | ✓250 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 0 | 0 | 0 | 0 | 300 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300 | 0 | |
| 1 | ИНСПЕКТОРАТИ | 45.480 | 45.480 | 3.600 | 3.240 | 20.200 | 18.180 | 0 | 0 | 0 | 0 | 69.280 | 66.900 | |
| 19 | *ИНСПЕКТОРАТИ* | 45.480 | 45.480 | 3.600 | 3.240 | 20.200 | 18.180 | 0 | 0 | 0 | 0 | 69.280 | 66.900 | |
| 40 | ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ | 45.480 | 45.480 | 0 | 0 | 100 | 100 | 0 | 0 | 0 | 0 | 45.580 | 45.580 | |
| 401 | Основни плати | 33.201 | 33.201 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 33.201 | 33.201 | |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 12.279 | 12.279 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 12.279 | 12.279 | |
| 404 | Надоместоци | 0 | 0 | 0 | 0 | 100 | 100 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100 | 100 | |
| 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 0 | 0 | 3.581 | 3.223 | 18.000 | 16.480 | 0 | 0 | 0 | 0 | 21.581 | 19.703 | |

ДРЖАВЕН, САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ

## Меѓународна соработка

Инспекторатот во моментов не е директно вклучен во никаква меѓународна соработка, ниту во проектите и активностите за хармонизација со законодавството на ЕУ.

## Други активности на инспекциската служба

ДСЗИ располага со посебна Интернет страна и за нејзино одржување ангажира надворешно лице. Во рамките на своите можности ДСЗИ се труди да објавува информации од интерес на јавноста и истите постојано да ги ажурира. На веб страната, помеѓу останатото, веднаш по откривањето на небезбедните играчки се објавуваат и нивните фотографии заедно со сите дополнителни информации кои би биле од полза за заштитата на здравјето на децата. На веб страната се достапни и сите информации поврзани со јавните набавки, почнувајќи од Годишните планови за јавните набавки на ДСЗИ, објавените огласи, склучените договори, па сè до реализираните договори. На веб страната исто така се достапни и стратешките документи поврзани со работењето на Инспекторатот, како што се стратешките планови, Функционалната анализа, годишните (програми) планови за работа, Буџетот на инспекторатот, извештаи за работењето на Инспекторатот од разни области, Кодексот за административни службеници, организациската структура на Инспекторатот

## Заклучоци и препораки

Во делот заклучоци и препораки се дава општа оценка на оствареноста на зацртаните цели и планови, како и конкретни и образложени препораки кои се однесуваат на самата инспекциска служба и препораки кои се однесуваат на други инспекциски служби и институции, вклучувајќи го и Инспекцискиот совет.